**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-13
10.01. **2023 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.42/20 и 77/21) и член 50 став 3 од истиот Закон, членови 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.172/14), а во врска со член 2 став 1 од Законот за прекршоците („Службен весник на Република Северна Македонија” бр.96/19) и член 3 од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр.37/96, 80/99, 48/01, 4/02, 16/02, 43/03, 19/04, 40/04, 81/05, 50/06, 60/06, 73/06, 87/07, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 143/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 41/14, 41/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17, 170/17, 248/18), точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година и Заклучокот арх.бр.02-39/4 од 10.01.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 1-та седница одржана на 09.01.2023 година, го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка – јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ, заради извршена повреда на член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица (ПЗМЛ), на начин што на телевизискиот програмски сервис на радиодифузерот, емитуван на 4 ноември 2022 година, играниот филм „Добар ден да се умре машки“ беше емитуван и со погрешна сигнализација (8+) и во несоодветен термин од деноноќието, а играниот филм „Девојката од возот“, беше емитуван со погрешна предупредувачка сигнализација (8+).

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4439/1 од 29.11.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПЗМЛ.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата).

**Образложение**

Агенцијата врз основа на член 28 од ЗАВМУ е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од цитираниот Закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - решение за јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога е извршена

повреда или прекршување на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата.

Согласно член 50 став 1 од ЗАВМУ, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги не смеат да емитуваат програми кои можат сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, особено програми кои содржат порнографија или непотребно насилство. Забраната од ставот (1) на овој член се однесува и на други програми кои веројатно би можеле да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, освен кога е обезбедено со нивното емитување или репризирање во одреден временски период и/или со примена на одредена техничка мерка, малолетните лица во периодот на емитување или репризирање нема на вообичаениот начин да ги слушнат или да ги видат тие програми. Кога вакви програми се емитуваат или репризираат во не кодирана форма, давателот на аудиовизуелни медиумски услуги е должен пред нивното емитување да обезбеди претходно акустично предупредување и можност да бидат препознаени со помош на визуелни знаци во текот на нивното времетраење. (член 50 став 3 од ЗАВМУ).

Во член 16 од ПЗМЛ пропишано е дека во зависност од очекуваниот состав на публиката, категориите програми можат да се емитуваат во следните временски периоди: првата и втората категорија програми се емитуваат во текот на целото деноноќие; третата категорија се емитува во периодот од 20:00 до 05:00 часот; четвртата категотија се емитува во периодот од 22:00 до 05:00 часот и петтата категорија се емитува во периодот од 00:00 до 05:00 часот.

Во член 17 став 1 точка 2 од ПЗМЛ пропишано е дека во втора категорија класифицирани се програми што не се препорачуваат за деца под 8 години, за чие следење се препорачува надзор од родител или старател. Може да се емитуваат во текот на целото деноноќие, со препорака да се гледаат со надзор од родител или старател. Можен е опфат на посериозни теми: девијантно однесување, семејно насилство, расизам и слично, меѓутоа програмите во ниту еден случај не смеат да поттикнуваат, ниту пак во себе да вклучуваат каква било афирмација на девијантно однесување или на поведение навредливо за човековото достоинство. Не е дозволена пренагласена употреба на непристоен (вулгарен) говор. Неутрална, природна појавност на голо човечко тело е дозволена, меѓутоа без каков било вулгарен сексуален контекст. Описите, сцените и/или глеткиите со еротика мора да бидат исключително ретки и сосем ненагласени, дискретни и без вулгарни алузии. Дозволено е умерено прикажување насилство, но, без детали на суровост, оправдано во заплетот на сценариото, без да се нагласува присуството на вистинско оружје или на опасни техники за меѓучовечка пресметка.

Во рамките на своите законски надлежности, Агенцијата преку Секторот за програмски работи, на 29 ноември 2022 г., изврши редовен програмски надзор (мониторинг) на телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуван на 4 ноември 2022 г., на локално ниво, при што констатираше прекршување на членот 50 став 3 од ЗАВМУ и на членовите 16 и 17 од ПЗМЛ. Со редовниот програмски надзор е констатирано дека на 4 ноември 2022 г., во рамките на телевизискиот програмски сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ, играниот филм „Добар ден да се умре машки" беше емитуван и со погрешна сигнализација (8+) и во несоодветен термин од деноноќието, а играниот филм „Девојката од возот", беше емитуван со погрешна предупредувачка сигнализација но во соодветен период од деноноќието. Играните филмови: „Добар ден да се умре машки" и „Девојката од возот" се означени како програми од Втора категорија (8+), што не се препорачуваат за деца под 8 години и за кои е неопходен надзор од родител/старател. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, овие програми требало да се означат како програми од Четврта категорија (16+), што не се препорачува за деца под 16 години, за кои е неопходен надзор од родител/старател, и може да се емитуваат само во периодот од 22:00 од 05:00 часот.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4439/1 од 29.11.2022 г., кој е составен дел на ова Решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ, на 30.11.2022 г., испрати Допис наш арх.бр.10-4439/2 од 30.11.2022 г., со кој му го достави Писмениот извештај за

извршен програмски надзор арх.бр.10-4439/1 од 29.11.2022 г., со цел во рок од 7 (седум) работни дена од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗАВМУ и од ПЗМЛ. Дописот беше уредно примен од страна на радиодифузерот на 03.12.2022 година. Во предвидениот рок, Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ, не се изјасни за стореното прекршување на Законот. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 09.01.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ, да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на напред наведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ и член 50 став 3 од истиот Закон и членовите 16 и 17 од ПЗМЛ, а во врска со член 2 став 1 од Законот за прекршоците и член 3 од Кривичниот законик, точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-6039/1 од 20.10.2015 г., Писмениот извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4439/1 од 29.11.2022 г. и Заклучокот арх.бр.02-39/4 од 10.01.2023 г., поради констатирано непочитување на одредбите од ЗАВМУ и на ПЗМЛ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на седницата одржана на 09.01.2023 г., донесе Решение со кое јавно се опоменува Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ, и му се наложува, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Решението да го усогласи своето работење со одредбите од ЗАВМУ и ПЗМЛ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен програмски надзор арх.бр.10-4439/1 од 29.11.2022 г.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Доставено до:**

- Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ;
- Управителот на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ;
- Одговорното лице на програмата во Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, општина Лабуништа ДООЕЛ;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за програмски работи; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп1.

До: д-р Зоран Трајчевски, директор
на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија “бр. 42/20 и 77/21), се доставува:

29.11.2022
10 4439 1

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

1. **Вид надзор:** Редовен;

2. **Субјект на надзорот:** Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ;

3. **Период опфатен со надзорот:** 4 ноември 2022 година;

4. **Датум на извршување на надзорот:** 29 ноември 2022 година;

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (заштита на малолетните лица од програми што би можеле да му наштетат на нивниот физички, психички или морален развој);
   - **Правилник за заштита на малолетните лица** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 172/14);
   - **Членовите 53, 54, 55, 98, 99, 100 и 101 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (правила за емитување аудиовизуелни комерцијални комуникации);
   - **Упатство за примена на одредбите за пласирање производи** („Службен весник на Република Македонија“ бр.201/14);
   - **Правилник за спонзорство** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/15);
   - **Правилник за нови рекламни техники** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/15);
   - **Член 52 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (обврски при обезбедување квизови или други облици на наградно учествување);
   - **Член 93 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање);
   - **Правилник за програми со наградно учествување и за користење телефонски услуги со додадена вредност** („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14);
   - **Член 94 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (емитување игри на среќа) („Службен весник на Република Македонија“ бр. 185/14).

6. Претходно изречена мерка: /

7. Констатации од надзорот:

Со редовниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, емитуван на 4 ноември 2022 година, на локално ниво, констатирано е прекршување на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица.

Во периодот на мониторингот, на програмскиот сервис на Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, играниот филм „Добар ден да се умре машки" е емитуван и со погрешна сигнализација и во несоодветно време (види табела бр.1); а играниот филм "Девојката од возот" е емитуван со погрешна предупредувачка сигнализација, но во соодветен период од денонокието (види табела бр.2).

Играните филмови: „Добар ден да се умре машки" и „Девојката од возот" се означени како програми од Втора категорија (8+), што не се препорачуваат за деца под 8 години и за кои е неопходен надзор од родител/старател. Според критериумите од Правилникот за заштита на малолетните лица, овие програми требало да се означат како програми од Четврта категорија (16+), што не се препорачува за деца под 16 години, за кои е неопходен надзор од родител/старател, и може да се емитуваат само во периодот од 22:00 од 05:00 часот.

*Според British Board of Film Classification (BBFC) или imdb.com, наведените играни филмови се означени со ознака 16+.*

Табела бр. 1

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Добар ден да се умре машки (A Good Day to Die Hard)" - игран филм | 12:56:38 | 14:32:15 |
| **Опис на прекршувањето**<br><br>Играниот филм е означен како програма од Втора категорија, а според критериумите од Правилникот треба да се класифицира и означи како програма од четврта категорија (16+), што не се препорачува за деца под 16 години и може да се емитува само во периодот од 22:00 од 05:00 часот | | |

Табела бр. 2

| Наслов на емисија | Период на емитување | |
|---|---|---|
| | Почеток | Крај |
| „Девојката од возот (The girl on the train)" - игран филм | 22:48:22 | 23:59:59 |
| **Опис на прекршувањето**<br><br>Играниот филм е означен како програма од Втора категорија, а според критериумите од Правилникот треба да се класифицира и означи како програма од четврта категорија (16+). | | |

8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на членот 50 став 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и на членовите 16 и 17 од Правилникот за заштита на малолетните лица,** на програмскиот сервис на Трговското друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, на 4 ноември 2022 година, играниот филм „Добар ден да се умре машки" беше емитуван и со погрешна сигнализација (8+) и во несоодветен термин од денонокието, а играниот филм „Девојката од возот" беше емитуван со погрешна предупредувачка сигнализација (8+).

9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговско друштво за радиодифузна дејност СПЕКТРА, Општина Лабуништа ДООЕЛ, и согласно со точката 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка бр. 01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Правилникот за заштита на малолетните лица; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***